UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Политехника (2023/2024)** |
| Факултет | Современи науки и технологии |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 180 |
| Титула | Дипломиран по политехника |
| Архивски број на акредитација [180] | 03-1854/1 |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 22.06.2023 |

## Опис на програмата

Факултетот за современи науки и технологии при УЈИЕ – Тетово е високообразовна установа чија основна задача е вршење високообразовна, научноистражувачка дејност од областа на компјутерските науки, компјутерското инженерство, бизнис-информатиката, податочните науки, софтверското инженерство, архитектонските науки и политехничките науки. Оправданоста за воведување на новата студиска програма произлегува од следењето на препораките на Болоњската декларација и на процесите за имплементација на досегашните акредитирани програми. Имајќи ја предвид потребата за овозможување поширок избор на компатибилни студиски програми, истовремено оправдувајќи го концептот на мобилност на насоките и студентите, со оваа програма се овозможува селекција и избор на насока според афинитетите и способностите на секој поединечен студент.

Насоката е предвидено да одговори на барањето за поголема компатибилност со европските и со другите светски центри и универзитети на кои се изучува оваа студиска програма, истовремено усогласувајќи ја на конкретните пазарни услови. Посебно, што структурата на предложената студиска програма води од заеднички, кон посебни, концентрирани предмети кои ја дефинираат насоката врз основа на осознаени практики и знаења, а не врз основа на произволен избор. Постепеното совладување на материјалот континуирано го разделува вниманието од архитектонско-инженерскиот кон ликовно-визуелниот и историско-филозофскиот домен во образованието, како втор фактор на избор.

## Кариера

Студентите кои успешно ќе ја завршат програмата ќе можат да обезбедат искусни услуги за обука на техничари, професионалци и истражувачи преку релевантни програми во различни области на знаење, можат да вршат научни и технолошки истражувања, да промовираат иновации и да промовираат врски и контакти со продуктивните и социјалните сектори да придонесат за развојот на земјата, технолошкиот, економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот развој.

## Резултати од учењето

**Знаење и разбирање**

- Стекнување на знаења и разбирање во теоретските и практичните аспекти во областа на политехничките науки.
- Знаењето ги вклучува главните области како што се математиката за инженерство, статика, јакост на материјали, електрично инженерство.
- Знаење и разбирање на различни програмерски методологии во сценарија на практично решавање на проблемите (проектирање, перспектива итн.)
- Знаење и разбирање во спроведување на истражувања од мали размери и примена на проекти од компјутерски помогнато проектирање.

**Примена на знаењето и разбирањето**

- Способност да се применуваат / да се употребуваат компјутерските системи и информационите системи во вообичаено работните задачи при дизајнирање на архитектонски решенија.
- Способност да се управуваат и одржуваат проекти, со користење на различни развиени методологии, средини и практики.
- Способноста за дизајн и имплементација на архитектонски проекти почнувајќи од мали и средни размери.
- Способност за организирање на начин за да се решаваат различни социјални, економски, инженерски и / или технолошки задачи.
- Да се предложат решенија за инженерски системи на почетно и средно ниво, вклучувајќи анализа, развој на дизајн и репортирање.

**Способност за проценка**

- Способност да се соберат и да се анализираат материјали со цел предлагање решенија.
- Способност да се оценуваат разни проектирања и развиени средини.
- Способност да се оценуваат различни архитектонски решенија.

**Комуникациски вештини**

- Способност да се следат напредоците во полето на политехничкото инженерство, способност брзо да се научат новите технологии, алатки и рамки.
- Способност да се применуваат вештините за учење во наставата и обуките по политехнички системи во училиштата или во организациите.
- Способност да се применуваат вештините за учење во создавање проекти и во управувањето со нив.

**Вештини на учење**

- Способност да се следат напредоците во полето на политехничко инженерство, способност брзо да се научат новите технологии, алатки и рамки.
- Способност да се применуваат вештините за учење во наставата и обуките по информациски системи во училиштата или во организациите.
- Способност да се применуваат вештините за учење во создавање проекти и во управувањето со нив.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [C2023] [6.0 ЕКТС] **Основи на проектирање**
- [C2024] [6.0 ЕКТС] **Нацртна геометрија**
- [C2361] [6.0 ЕКТС] **Математика за инженери 1**
- [3.0 ЕКТС] **Албански/Македонски јазик**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од дигитални компетенции**

### Семестар 2

- [C2028] [6.0 ЕКТС] **Принципи на проектирање**
- [C2029] [6.0 ЕКТС] **Перспектива**
- [C2368] [6.0 ЕКТС] **Математика за инженери 2**

- [3.0 ЕКТС] **Албански/Македонски јазик**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од дигитални компетенции**

### Семестар 3

- [C2362] [6.0 ЕКТС] **Вовед во статика**
- [C2037] [6.0 ЕКТС] **Компјутерски помогнато проектирање**
- [EBE-408] [6.0 ЕКТС] **Управување со проекти**
- [C2363] [6.0 ЕКТС] **Физика 1**
- [C2069] [3.0 ЕКТС] **Усна комуникација**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**

### Семестар 4

- [CCE-101] [6.0 ЕКТС] **Основи на електрично инженерство**
- [C2364] [6.0 ЕКТС] **Стратешки менаџмент**
- [C2042] [6.0 ЕКТС] **Компјутерски 3D моделирање и виртуелна реалност**
- [C2365] [6.0 ЕКТС] **Физика 2**
- [C2070] [3.0 ЕКТС] **Писмена комуникација**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**

### Семестар 5

- [C2366] [6.0 ЕКТС] **Јакост на материјали**
- [C2033] [6.0 ЕКТС] **Дизајн студио I**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од други единици**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**

### Семестар 6

- [C2367] [6.0 ЕКТС] **Дипломска работа**
- [C2038] [6.0 ЕКТС] **Дизајн студио II**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од други единици**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Основи на проектирање**
  Целта на предметот е студентите да се запознаат со процесот на архитектонското проектирање и анализа. Студентот ќе се запознаат со основните поими на архитектонска форма и простор, начинот на графичко претставување и нормативите на димензионирање на основните елементи на проектирање.

- **Нацртна геометрија**
  Цели на предметот: Совладување на современи графички методи кои се користат при решавање на инженерски, технички и дизајнерски проблеми. Развој на просторна перцепција на тридимензионални форми на предмети и способност да се прикажат различни меѓусебни односи на нивните геометриски карактеристики во дводимензионална рамнина.

- **Математика за инженери 1**
  Цели на предметот: Да се усвојат поимите од низи и лимес на низи од реални броеви, функции со една реална променлива, лимес на функции, диференцијално сметање на функција од една реална променлива кои се неопходни за проучување на техничките науки.

- **Принципи на проектирање**
  Целта на предметот е студентите да се запознаат со основната методологија на архитектонското проектирање и анализа преку изучување на системите на архитектонскиот објект/простор: просторно-функционален, конструктивен, циркулационен и обвивен систем. Студентот се запознава со основните принципи на композиција на архитектонскиот простор како: оска, симетрија, хиерархија, датум, ритам, трансформација.

- **Перспектива**
  Целта на овој предмет е студентите да развијат способност за претставување на визуелното доживување со техничка просторна репрезентација на цртеж. Принципите на перспектива и тродимензионално претставување ќе се изучуваат со цел студентите да се оспособат графичките архитектонски проекти да ги претставаат на тродимензионален јасен и читлив начин за неархитектонската публика.

- **Математика за инженери 2**
  Цели на предметот: Студентите да се запознаат со интегрално пресметување и примена, обични диференцијални равенки, нивно решение и примена во технички науки, функции со повеќе променливи, двојни и тројни интеграли и нивна примена на решавање проблеми од областа на техничките науки.

- **Вовед во статика**
  Цели на предметот: Запознавање со основните поими на принципите на статиката како алатка за разбирање најелементарните конструктивни системи. Основно аналитичко и практично запознавање со начелата и физичките концепти на статиката.

- **Компјутерски помогнато проектирање**
  Главната цел на овој предмет е да ги запознае студентите со основите на компјутерски потпомогнат дизајн (computer aided design-CAD). Користејќи CAD програмски пакети, студентот ќе подготви целосна тридимензионална архитектура на приказ. Системите со компјутерски потпомогнат дизајн овозможуваат повеќе можни решенија, оценувајќи ги и по потреба коригирајќи го дизајнот. Елементи на 2D и 3D графика, елементи на тридимензионални слоеви на компјутерска слика, основни графички елементи проекции, погледи, пресеци, трансформации, ротација и перспектива ќе бидат дел од овој предмет како и користење алатки за цртање на структурни елементи.

- **Управување со проекти**
  Целта на предметот е студентите да се вклучат во светот на современите проекти и да се соочат со можностите и предизвиците на реалниот економски живот во креирање на соодветни потребни реални проекти. Специфични цели на предметот се: како да се утврди одреден проект (користејќи неколку фази) и да се истакне значајната улога на менаџерот на проектот (разбирање на потребата, областа на делувањето, активностите за реализација, комплексноста на модерниот проект и др.). Студентите треба да се обучат како да ги применуваат современите алатки и техники на современиот проектен менаџмент при трансформирање потреба или креативна идеја во соодветен реален и документиран проект кој ќе направи да бидат поинвентивни за себе и покомпетитивни на пазарот на трудот.

- **Физика 1**
  Цели на предметот: Запознавање на студентите од студиската програма политехника со основните концепти на физиката кои ќе им помогнат во професионалното развивање во согласност со компетенциите на студиската програма.

- **Усна комуникација**
  Цели на предметот се студентите: - Да развиваат вештини за вербална комуникација. - Да се во можност да се вклучат активно во дискусија за одредена тема. - Да ги совладаат техниките за успешна комуникација. - Да го изразуваат своето критичко мислење за одредени теми. - Да ги применуваат усвоените техники во својата професионална кариера.

- **Основи на електрично инженерство**
  Предметот претставува вовед во основните концепти на електротехника. На студентите им овозможува разбирање на основни закони, принципи и феномени од областа на електротехниката. Исто така, преку теоретски и практичен пристап на студентите ќе им се овозможи да ги применат стекнатите знаења и вештини во другите професионални предмети. Паралелно ќе бидат третирани и електрицитетот и магнетизмот, електрична струја, кола на едносмерна струја, синусоидална струја, RLC-кола, основни и сложени електрични

кола, како и методи за решавање на електрични мрежи и електрични инсталации.

- **Стратешки менаџмент**
  Цели на предметот Предметот Стратегиски менаџмент е конципиран на начин да им овозможи на студентите да ги оценат и применат клучните елементи на стратегиската анализа избирајќи вистинска стратегија во рамките на флексибилен план, како и да го поттикне размислувањето за проблемите кои се поврзани со спроведување на формулираната стратегија. Целта на предметот е студентите да стекнат вештини да размислуваат критички за прашањата и проблемите кои се поврзани со изборот на стратегијата во турбулентно и динамично окружување и да разберат дека не постои еден единствен вистински пат да се развие стратегијата. По завршувањето на наставата, студентите треба да бидат способни: - да ги разберат теориите и концептите за стратегиски менаџмент; - да го совладаат речникот сврзан со стратегискиот менаџмент; - да ги интегрираат добиените знаења од одделните функционалности; - да развијат аналитички и комуникациски способности, како и способности за тимска работа.

- **Компјутерски 3D моделирање и виртуелна реалност**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат темелна применета основа во практиката на 3D моделирање и неговата употреба во виртуелната реалност. Студентите ќе научат како да дизајнираат и генерираат 3D содржина за VR користејќи најсовремени алатки и техники. Студентите ќе научат да спроведуваат практики на работа во 3Д моделирање и да управуваат со процесот на рендерирање. Ќе се изучуваат различни техники на моделирање од рачно рендерирање, 3Д скулптура до автоматско прикажување на објекти од мали и големи размери. Студентите ќе научат како да се развиваат за VR средини, да генерираат напредни сцени и да ги распоредат овие VR средини.

- **Физика 2**
  Цели на предметот: Запознавање на студентите на студиската програма политехника со основните концепти на физиката кои би им помогнале во професионалното развивање во рамките на компетенциите на студиската програма како продолжение на знаењата стекнати во Физика 1.

- **Писмена комуникација**
  Цели на предметот се студентите: - Да стекнат сознанија за процесот на пишувањето (фази при создавање текст). - Да ги усвојат стандардните јазични норми. - Да постигнат академско ниво за писмено изразување на албански, македонски или англиски јазик со што ќе се применуваат претходно стекнатите знаења за стандардниот јазик. - Да се поттикне мотивацијата на студентите за писмено изразување независно од видовите и формите на текстот. - Да ги усвојат критериумите на текстуалноста, кои се клучни за еден текст. - Да стекнат вештини за пребарување материјали (библиотечни и онлајн-ресурси).

- **Јакост на материјали**
  Цели на предметот: Стекнување способности за анализа на состојбата на напрегања и деформации кај линиски елементи со елементарни сложени напречни пресеци изложени на различни видови оптоварувања. Димензионирање на хомогени пресеци според теорија на дозволени напрегања.

- **Дизајн студио I**
  Цели на предметот: Учењето на просторот преку: постапки на забележување, разбирање и анализа на архитектонскиот простор, постапки на замислување, знаења за составните елементи и за контекстот на архитектонскиот проект, елементи од теоријата на архитектурата, историја и архитектонска култура, познавање и вежбање на средствата на претставување на архитектонскиот простор.

- **Дипломска работа**
  Дипломската работа претставува рамка за сублимација на стекнатите знаења во текот на студиите. Се работи со конкретна проектантска програма во конкретен физички контекст. Предложеното решение на реалниот проектантски проблем треба да е иновативно и да е составено од хармонични целини, теоретски и практични. Овој труд има за цел да ги поттикне истражувањето и пронаоѓањето на личното проектантско изразување, како и начинот на комуникација и претставување на конкретен целосен проект.

- **Дизајн студио II**
  Основна цел на предметот е да им овозможи на студентите да ги анализираат и дијаграмски да ги претстават забележливите карактеристики на одредено место – предмет на истражувачкиот интерес. Да ги разберат, како и да научат да ги применуваат различните етапи на креативниот процес на мислење на еден

архитектонски проект. Воедно, цел на предметот е студентите да се оспособат да анализираат дадена програма, од која подоцна треба да развијат јасен архитектонски концепт. Да покажат разбирање за тоа како проектирањето на архитектонската форма и простор се директно поврзани со психолошките, физиолошките, социолошките и културните потреби на луѓето. Да научат повеќе различни техники на истражување на сопствените проектни стратегии (преку скицирање, дијаграмирање и изработка на аналогни и дигитални студиски модели). Да научат да подготват различни форми на презентациски цртежи и модели преку кои ќе го претставаат завршниот проект.

## Изборни предмети

- **Албански јазик за почетници 1**
  Целта на предметот Албански јазик за почетници 1, 2 е студентите кои немаат елементарни знаења од албанскиот јазик да се запознаат со карактеристиките на овој јазик, да стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, да ги прошират и да ги применат своите знаења во секојдневни ситуации, со помош на кои истовремено ќе стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, ќе совладаат скромен фонд од различни лексички и граматички категории кои ќе им овозможат едноставни конверзации.

- **Албански јазик за почетници 2**
  Целта на предметот Албански јазик за почетници 1, 2 е студентите кои немаат елементарни знаења од албанскиот јазик да се запознаат со карактеристиките на овој јазик, да стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, да ги прошират и да ги применат своите знаења во секојдневни ситуации, со помош на кои истовремено ќе стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, ќе совладаат скромен фонд од различни лексички и граматички категории кои ќе им овозможат едноставни конверзации.

- **Македонски јазик за почетници 1**
  Програмата за предметот Македонски јазик за почетници 1 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Преку посебни вежби и предавања се овозможува запознавање со основната комуникација на македонскиот јазик, т.е. запознавање, поздравување, претставување, збогатување на зборовниот фонд и пишување и разбирање кратки текстови. При создавањето на програмата се води сметка студентите стекнатите знаења да можат да ги применуваат и понатаму. Материјалот се обработува по принципот на комбинирани предавања и вежби, како и континуирани задачи, преку кои студентите активно се вклучени за време на часот и учествуваат со свои прашања и предлози во креирањето на часот.

- **Македонски јазик за почетници 2**
  Програмата за предметот Македонски јазик за почетници 2 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Во рамките на овој предмет е опфатено следново: секојдневни обврски, планирање активности за наредниот период, опис на лица, места и на предмети. При создавањето на програмата се води сметка студентите стекнатите знаења да можат да ги применуваат и понатаму.

- **Македонски јазик средно ниво 1**
  Програмата за предметот Македонски јазик средно ниво 1 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување, преку кои студентите: ќе го збогатат вокабуларот преку соодветни текстови за секојдневни активности (во банка, во библиотека, во министерство итн.) и ќе ги усовршат вештините за професионално пишување и говорење кои се неопходни за јасна и ефективна комуникација во нивната понатамошна професионална кариера. Посебен, континуиран акцент во целокупната активност се става врз јазичните елементи, односно врз правописот и врз граматичката на македонскиот литературен јазик. Експертите како еден од клучните елементи за добро писмено изразување ја наведуваат правилната употреба на јазикот.

- **Македонски јазик средно ниво 2**
  Програмата за предметот Македонски јазик средно ниво 2 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Притоа посебен акцент е ставен врз развојот на комуникациските способности на студентите, односно примена на јазикот во секојдневен и во професионален контекст, збогатување на вокабуларот и стекнување сознанија за структурата и за видовите професионални текстови. Ќе бидат опфатени различните стилови на комуникација, при што целта ќе биде студентите преку своите текстови да воспоставаат добра комуникација со аудиториумот и да го привлечат и да го задржат вниманието.

- **Македонски јазик за професионални цели 1**
  По завршувањето на предметот Македонски јазик за професионални цели 1 од студентите се очекува да ги продлабочат и да ги зајакнат своите способности за напредно писмено и усно изразување на македонски

јазик во контекст на различните професионални опкружувања. Студентите ќе бидат оспособени да читаат, пишуваат и да разбираат различни видови професионални и официјални текстови на македонски јазик. Исто така, ќе стекнат знаења и вештини за општата терминологија од областа на правото, бизнисот и економијата, администрацијата, компјутерските науки, јазикот и комуникацијата и ќе можат да ја употребуваат во рамките на своите идни професии. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и ќе бидат во можност да размислуваат критички на различни теми, како и да стекнат способност за напредна писмена и усна комуникација на македонски јазик во една мултијазична и мултикултурна средина.

- **Македонски јазик за професионални цели 2**
  По завршувањето на предметот Македонски јазик за професионални цели 2 од студентите се очекува да ги утврдат и да ги зголемат своите способности за напредно писмено и усно изразување на македонски јазик во контекст на нивните идни професии. Студентите ќе бидат оспособени да читаат, пишуваат и да разбираат различни видови професионални и специјализирани текстови на македонски јазик, да ги анализираат и да коментираат за нив како и да состават своја професионална биографија на македонски јазик (CV). Ќе ги зголемат и ќе ги прошират и своите познавања на стручната и научната терминологија од областа на правото, бизнисот и економијата, администрацијата, компјутерските науки, јазикот и комуникацијата и ќе можат да ја користат во симулација на автентични ситуации од нивното професионално опкружување, како и во дебати и при размена на мислења поврзани со различни аспекти на овие професии.

- **Англиски јазик 1**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, финансии, за универзитетски дипломи, за работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. По завршувањето од студентите се очекува да се на ниво А1 според Европската јазична рамка. Тие треба да се во состојба да ги разберат и употребат правилно основните изрази сврзани со конкретни барања, да прашаат и да одговорат на прашања сврзани со личен идентитет и врски, да се претстават себеси и други со употреба на лични и присвојни заменки, да се поздрават, да употребат точен вокабулар за објекти во училница, да разликуваат помеѓу еднина и множина, да ги препознаат и да ги употребат броевите од 1-100. Исто така, студентите треба да бидат во состојба да опишат еден типичен ден и со употреба на поедноставни јазични структури да ја опишат дневната рутина, да пишуваат и да зборуваат за нивниот живот и за слободното време. Тие треба да го распознаат и да го употребат правилно вокабуларот сврзан со категориите на храна и пијалаци, месеци во годината, способности и да се способни да се изразат во ситуации кога треба учтиво да побараат, да опишат места, да изберат дестинација и да дадат упатства, да зборуваат за лични преференци.

- **Англиски јазик 2**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, финансии, за универзитетски дипломи, за работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. По завршувањето од студентите се очекува да се на ниво А1 според Европската јазична рамка. Тие треба да се во состојба да ги разберат и употребат правилно основните изрази сврзани со конкретни барања, да прашаат и да одговорат на прашања сврзани со личен идентитет и врски, да се претстават себеси и други со употреба на лични и присвојни заменки, да се поздрават, да употребат точен вокабулар за објекти во училница, да разликуваат помеѓу еднина и множина, да ги препознаат и да ги употребат броевите од 1-100. Исто така, студентите треба да бидат во состојба да опишат еден типичен ден и со употреба на поедноставни јазични структури да ја опишат дневната рутина, да пишуваат и да зборуваат за нивниот живот и слободно време. Тие треба да го распознаат и да го употребат правилно вокабуларот сврзан со категориите на храна и пијалаци, месеци во годината, способности и да се способни да се изразат во ситуации кога треба учтиво да побараат, да опишат места, да изберат дестинација и да дадат упатства, да зборуваат за лични преференци.

- **Англиски јазик 3**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, финансии, за универзитетски дипломи, за

работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. При завршувањето и полагањето на овој предмет, од студентите се очекува да го постигнат нивото Б1 од европската јазична рамка. Тие би требало да се во можност да прашуваат и одговараат на прашања сврзани со различни теми како криминални појави, природни непогоди, работни вештини и ситуации, да одговараат на покани, да разговараат за семејни врски и брачна состојба и да бидат во состојба да го препознаат и да го употребат соодветно вокабуларот сврзан со универзитетско образование, уметност, патувања и спорт.

- **Англиски азик 4**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, животната околина, за нивните финансии, проблеми, да поставуваат и да одговараат на прашања за универзитетски дипломи, за работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да бидат во состојба да го оценат сопствениот напредок во учење на јазикот, да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. При положувањето на овој предмет, од студентите се очекува да бидат на ниво Б2 според Европската јазична рамка. Од нив се очекува да бидат способни да го користат независно англискиот јазик и да имплементираат следниве јазични функции како пример-да дадат совет, да разговараат за универзитетски дипломи, работни вештини и ситуации, да поканувааат и да одговараат на покани, да читаат текстови и да слушаат содржини со цел да се разбере суштината и деталите.

- **Англиски јазик 5**
  Англиски за академски намени е предмет во времетраење од еден семестар. Целите на предметот се да им овозможи на студентите да се здобијат со вештини кои го потпомагаат учењето на англискиот јазик и напредување во академска средина. Предметот треба да ги оспособи студентите да ги употребуваат овие јазични вештини или вештини за учење не само во контекст на учење на јазик туку и во контекст на настава на стручните предмети. Предметот вклучува вештини на усно презентирање, аргументирање, пишување, оценето во специфични задачи. По успешно завршување на предметот, се очекува дека нивото на познавање на англискиот јазик кај студентите ќе биде Ц1 според Европската јазична рамка. Како резултат, по завршувањето, студентите треба да бидат способни усно да презентираат, да учествуваат во дебати и форуми за дискусија, да го образложат своето мислење со аргументи и да им дадат конструктивна повратна информација на соучениците. Понатаму, студентите треба да се способни да слушаат и читаат и да ја разберат суштината и деталите, и успешно да напишат параграф и есеј во кој го аргументираат нивното мислење. Треба да можат да се вклучат во конверзација, дискусија и да ги изнесат своите ставови и мислења, да ги организираат своите идеи и успешно да напишат параграф и есеј во кои образложуваат проблем и предлагаат решение, вршат споредби и контрастираат. Студентите би требало да се способни да презентираат визуелни информации, да презентираат на дадена тема, да ги идентификуваат главните идеи и детали во текст, цели и пораки на текст, како и начини на организирање на текст и да ги применат во пишување.

- **Избрани поглавја од ИТ вештини**
  Целта на овој предмет е: На студентите да им се прикажат техничките елементи, структурата на текстот и дизајнот на разни трудови во текот на студиите. Да им овозможи на студентите да стекнат познавања на ИТ-вештини, кои ќе им бидат потребни при изработка на научни трудови, стручни трудови и презентации. Да се оспособат студентите за практична примена на ИТ-вештините.

- **Microsoft Office Access**
  Официјален академски предмет на Мајкрософт за Access 2016 обезбедува практично искуство за да ги зголемите вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена во 10 лекции и ги опфаќа сите потребни производни области за да се положи испитот MOC 77-730.

- **Microsoft Office Excel**
  Официјален академски предмет на Microsoft (MOAC) за Excel 2016 обезбедува практично искуство за зголемување на вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена на 13 лекции ги опфаќа сите производни области потребни за да се положи испитот MOS 77-727.

- **Microsoft Office PowerPoint**
  Официјален академски предмет на Мајкрософт (MOAC) за PowerPoint 2016 обезбедува практично искуство за зголемување на вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена на 11 лекции кои ги

покриваат сите производни области потребни за да се положи испитот MOS 77-729.

- **Microsoft Office Word**
  Официјален академски предмет на Мајкрософт (MOAC) за Word 2016 обезбедува практично искуство за зголемување на вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена на 11 лекции кои ги покриваат сите производни области потребни за да се положи испитот MOS 77-725.

- **Креирање веб-страници**
  Целта на овој предмет е развивање на едноставна веб-страница според важечките стандарди, бара познавање на Hypertext Markup Language (XHTML) и Cascading Style Sheets (CSS). Повеќето веб-страници користат и слики, во форма на банери, копчиња, логоа, слики или скенови. Adobe Fireworks е изграден како алатка за да се креира и да се манипулира со слики наменети за веб и да им овозможи на креаторите да ги оптимизираат овие слики, со цел да се намали големината на датотеката. Fireworks, исто така, обезбедува одлична интеграција со Dreamweaver. Оваа серија обезбедува сеопфатен вовед во XHTML, CSS и креирање веб-графика.

- **Дизајн на дигитални медиуми**
  Целта на овој предмет е дизајн и обработка на растер и вектор графика преку водечките програми Adobe Photoshop и Illustrator како и дизајнирање и публикација на комерцијални материјали за печатење со помош на Adobe In Design.

- **Гугл апликации за едукација**
  Концептуален преглед со практични упатства за искористување на образовниот потенцијал на G Suite. Ги идентификува принципите на учење што водат ефективна употреба на G Suite за создавање средини за учење што ја подобруваат образовната комуникација. Овој предмет е организиран во серија модули. Модулите се прикачени на менито што може да се соберат, достапно на страницата „Гугл“ за образование што ги организира модулите во приближно ист редослед по кој ќе се дискутираат на час.

- **Основи на ИТ-хардвер и софтвер**
  Студентите по завршување на овој предмет ќе можат да ги опишат внатрешните компоненти на компјутерот, да состават компјутерски систем, да инсталираат оперативен систем и да решаваат проблеми користејќи системски алатки и дијагностички софтвер. Студентите, исто така, ќе можат да користат различни ИКТ-апликации и алатки, да истражуваат на Интернет и да се осврнат на безбедноста на информациските системи и прашањата поврзани со етиката и компјутерскиот криминал.

- **Вовед во сајбер безбедност**
  Овој предмет ќе ги опфати најважните аспекти за да се остане безбеден на интернет со тоа што студентите ќе стекнат знаења подобро ја разбираат безбедноста на интернет и ќе почнат да го штитат својот дигитален живот, без разлика дали се дома или на училиште. Препознавањето на заканите што можат да наштетат на интернет е исто толку важно како и чекорите што можете да се преземат за да се спречат или надминат овие закани. Предметот исто така ќе обезбеди дефиниции, детални информации, вклучувајќи вируси и тројанци, како и концепти како што се мрежна безбедност, криптографија, кражба на идентитет и управување со ризик.

- **Англиски јазик за информатичка технологија 1**
  Овој предмет се нуди за подобрување на четирите јазични вештини: читање, пишување, слушање и говор во соодветната содржинска област; повторување и надградување на граматичките поими од средно и повисоко средно ниво во контекст на збогатување на вокабуларот во областа на компјутерските науки и технологии, за совладување покомплицирани текстови од оваа област и за комуникација со колеги и експерти од областа на компјутерски науки. Посебен акцент се става и на користење автентични материјали за следење на трендовите и достигнувањата од оваа област.

- **Англиски јазик за информатичка технологија 2**
  Овој предмет се нуди за подобрување на четирите јазични вештини: читање, пишување, слушање и говор во соодветната содржинска област; повторување и надградување на граматичките поими од средно и повисоко средно ниво во контекст на збогатување на вокабуларот во областа на компјутерските науки и технологии, за совладување покомплицирани текстови од оваа област и за комуникација со колеги и експерти од областа на компјутерски науки. Посебен акцент се става и на користење автентични материјали за следење на трендовите и достигнувањата од оваа област.

- **Вовед во јавна администрација**
  Јавната администрација претставува поле од посебен научен интерес. Во предметот Вовед во јавна администрација студентите ќе се здобијат со знаења за основните концепти на јавната администрација. Посебен акцент ќе биде ставен врз еволуцијата на јавната администрација, како и реформите во оваа област во нашава земја. Студентите ќе имаат можност да се запознаат со ова поле и критички да ги анализираат развојот и појавите на јавната администрација. Бидејќи оваа област е предмет на постојани промени, посебен осврт ќе се посвети на новите теории, како и класичните теории на јавната администрација. Предметот на истражување се состои во: поими и основни знаења за принципите и институциите на јавната администрација; улогата и значењето на јавната администрација во организираното општество; генезата и историскиот развиток на јавната администрација; Организационата структура на јавната администрација; функционирањето на институциите на јавната администрација; Државните службеници; контрола и одговорност на ЈА, комуникации во ЈА, јавната администрација како служба за одбрана и реализација на човековите права итн.

- **Јавно лидерство и организациски развој**
  Целта на предметот е да им се овозможи на студентите како лидери и раководители да го развиваат и да го спроведуваат постигнувањето на мисијата и визијата на одредена организација во јавниот сектор; да ги развиваат вредности кои се неопходни за долгорочниот успех и за нивна примена преку соодветни активности и навики; како лидерите и раководителите лично да се вклучени во обезбедувањето сигурност дека системите за управување со организацијата ќе се развиваат и ќе се спроведуваат. Исто така, преку предметот се опфаќа и начинот како организацијата ги спроведува својата мисија и својата визија преку јасна стратегија заснована на мислењата на сите заинтересирани страни, поддржана преку сите релевантни политики, планови, цели и процеси.

- **Вовед во јавни политики**
  Целта на предметот е студентите полесно да ги разберат и да ги совладаат јавната политика, нејзините принципи за создавање, водење конкретна политика, како и анализа, имплементација, евалуација и развој. Менаџментот на јавни политики е дисциплина за решавање проблеми која ги користи сознанијата од методологиите и основните теории на општествените науки, на општествените професии и на филозофијата на политиките.

- **Вовед во право**
  Цели на предметот се студентите: Да стекнат основни сознанија за државата и правото; Да стекнат теоретски знаења за разните облици на државата. Да можат да дадат критички осврт за правото како општествена појава; Да се поттикнат на аналитички осврт студентите за проблемите со кои денес се соочува државата и правото во услови на глобализација и во рамките на евроатлантските интеграции; Да бидат во можност да ги разликуваат основните облици на државата и на правото; Да ги објаснуваат основните поими за државата и правото и да ги поврзат со практичниот живот; Да ги стекнат основните, воведните и општите спознанија за државата и правото кои ќе им бидат неопходни за натамошните студии во рамките на правните науки.

- **Вовед во криминалистика**
  Преку овој предмет студентите стекнуваат знаења и ги продлабочуваат знаењата од криминалистиката. Оваа дисциплина во поширока смисла на зборот придонесува за борбата против криминалитетот преку откривање и превенција. Предметната програма по криминалистика ќе се разработува од теоретски и од практичен аспект (преку консултации, препорака на литература, дебати и дискусии со студенти). Целта на овој предмет е да се подготват и да се оспособат студентите за употреба и примена на современите криминалистички средства и методи кои се применуваат за откривање и објаснување на кривичните дела и за превенција на криминалитетот.

- **Трудово право**
  Изучувањето на предметот Трудово право на студентите ќе им овозможи: - Да се запознаат со прашања и проблеми кои се составен дел на трудовото право, тргнувајќи од фундаменталната премиса дека секој од нас еден ден ќе заснова работен однос и токму поради тоа познавањата на правата за работниот однос претставуваат и прашања на борба за поквалитетен живот. - Да се запознаат со различните аспекти на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работниот однос како и со правните институции од областа на трудот. - Да ги проучуваат работните односи во практиката преку постапката на вработување, склучување на договор за вработување, остварување и заштита на правата за работен однос кај работодавецот и надлежните органи, постапката за одговорност на вработените, престанување на работниот

однос, односно престанување на важноста на договорот за вработување. - Да изработат конкретни акти поврзани со сите институти кои се опфатени со позитивната законска регулатива од областа на работните односи во Република Северна Македонија. - Да се овозможат разни форми и облици на партиципација на студентите и да се инкорпорира можноста за освојување на што е можно поголем број од поените предвидени за активност во училница.

- **Човекови права и слободи**
  Борбата за човекови права започнува со историските напори за да се запознаат со истите. Со текот на времето, корпусот на слободите и правата на човекот и граѓанинот што се инкриминирани со закони или меѓународните договори се шири, но тоа сигурно тоа не е показател дека тие се почитуваат и имплементираат во практиката. Првично се сметало дека човековите права претставуваат или се дел од внатрешните работи на државите (според принципот на апсолутниот суверенитет), а само во поново време се стекнаа со насловот на jus cogens норми. Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со развитокот на доктрината за човековите права, видовите и категориите на човековите права и ќе ги проучуваат соодветните документи кои ги уредуваат тие права. Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со концептот на меѓународното право за човекови права, спроведување на истите, влијанието во креирањето на националните политики што ќе ги поттикне да размислуваат критички на односот меѓу меѓународното право и националното право и да бидат свесни за сегашните меѓународни настани и нивното влијание врз секојдневниот живот на луѓето во светот. Воедно студентите ќе се поттикнат да придонесат во областа на изготвување на законите за заштита на човековите права.

- **Правно пишување и образложување**
  Цел на предметот е да се обезбедат основни познавања за правното пишување и оправдување на студентите од прва година. Преку овој предмет студентите ќе стекнат сознанија за правното пишување и оправдување, принципи и основни упатства за тоа, со примена на различни методи на легално пишување на нормативните правни акти (прописи, закони, одлуки, пресуди, договори, тестаменти итн.) и акти (CV, барања, огласи, апликација, известување, тужба, итн.).

- **Потпомогната репродуктивна технологија и право**
  Целта на овој предмет е да се истакне фактот дека во современото општество не постои универзален, општоприфатен модел на семејството и на родителството. Преку изучување на предметот „Потпомогната репродуктивна технологија и право“, студентите ќе стекнат знаењата за новите вештачки репродуктивни технологии кои се дел на современата натална политика. Подетално студентите ќе се запознаат за сите вештачки репродуктивни технологии, како што се: вештачка инсеминација, ин витро фертилизација, сурогат-мајчинството, раѓањето на деца од сама жена со донација на сперма, постхумната репродукција, served родителство, зачнување дете од тројца родители, криопрезервација на гаметите или ембрионите. Студентите ќе имаат можност да се информираат дека постојат и многу други можности кои ги нуди науката, но се забранети, на пример клонирање, бирање на полот, подобрување на физичките, интелектуалните или другите капацитети (евгеника) на идното дете итн. Преку изучување на овој предмет се очекува од студентите да го развијат своето критичко мислење дебатирајќи за комплексниот збир морални, етички и правни дилеми поврзани со овие нови репродуктивни технологии.

- **Семејно насилство**
  Семејното насилство е општествен феномен широко распространет во современото општество. Тоа е присутно во сите држави и општества, без оглед на нивниот развој и еманципација. Имуна на овој феномен не е ниту нашава земја, ниту регионов во кој живееме. Затоа, студентите по право преку овој предмет се стекнуваат со знаење за тоа што е семејно насилство, облиците во кои се манифестира, законските прописи предвидени во нашава земја, во регионов и во меѓународните прописи како и за начините за превенција. По завршувањето на овој предмет студентите ќе бидат во можност да го идентификуваат семејното насилство, да ги идентификуваат кривичните дела инкриминирани во Кривичниот законик од оваа сфера како и да развиваат критичко размислување за оваа проблематика. Овој предмет му овозможува на идниот правник за време на вршење на идната професија како судија, обвинител или адвокат да се справи на најсоодветен начин со овие случаи кои имаат голема чувствителност како и да обезбедат соодветна помош и заштита на жртвите на овие кривични дела.

- **Вовед во компјутерски науки**
  Овој предмет претставува широк, интегриран вовед во фундаменталните концепти на компјутерски науки. Во рамките на предметот се обработуваат следниве теми: историја на пресметувањето; дигитална логика и дигитални системи; вовед во компјутерска архитектура, основни алгоритми, решавање проблеми и структури на податоци; вовед во програмски јазици, оперативни системи, системи на база на податоци, мрежи, веб и

софтвер инженерство; апликации, вклучувајќи опис на функционалноста на соодветниот софтвер (ворд-процесори, база на податоци, браусери и слично); обработка не само на традиционални податоци туку и на мултимедијални податоци.

- **Интернет технологии**
  Главна цел на предметот е студентите да добијат практично знаење околу основните механизми, услуги и протоколи на глобалната мрежа Интернет. Да владее со XHTML, CSS и JavaScript. Да ја владеат целокупната архитектура на ефикасна, скалабилна и сигурна веб-страница. Студентите ќе стекнат солидни технички знаења околу XML, XHTML, CSS и JavaScript како што се листи, табели, слики, мултимедија и форми во XHTML, форматирање, стилови и лајаути во CSS како и употреба на варијабли, услови, циклуси и функции во JavaScript.

- **Применета веројатност и статистика**
  Целта на овој предмет е да им овозможи на студентите да ги стекнат потребните знаења од предметот веројатност и статистика што имаат директна примена во областа на компјутерските науки. Целта е да совладаат како се прави обработката на статистичките податоци, нивните законитости, нивното преставување, законитостите на донесување соодветни заклучоци врз основа на обработените податоци и др. Исто така, цел е да се научат основните принципи на веројатноста и како тие принципи можат да се применат во различни области од секојдневниот живот посебно во областа на компјутерските науки.

- **Е-трговија**
  Целта на предметот е студентите да ги научат основните концепти и терминологијата на електронска трговија: Историјата на електронска трговија E-World: е-бизнис и е-трговија Бизнис-модели за е-трговија Системи за електронско плаќање Онлајн маркетинг Е-инфрструктури Да се запознаат со основните технологии кои се задолжителни за да се реализира е-трговијата денес, вклучувајќи ги: серверите, софтверот, интернет-конекциите, системите за онлајн плаќања и нивната безбедност, е-колачиња итн. Примена на концептите за е-трговија и теорија во практиката преку соодветна анализа на бизнис-модели и технологии и донесување одлуки за најсоодветни решенија. Разбирање на процесот на создавање веб-продавница и поврзување со систем за онлајн плаќања. Да бидат во можност да ја реализираат идејата при создавање бизнис-модел и да се запознаат со финансиите. Да бидат во можност да ги разликуват разните онлајн маркетинг-алатки и да можат да ги применуваат некои од нив во практиката. Да бидат во можност да ги испитаат безбедноста на информациите, етичките и социјалните прашања и да знаат како да пристапат во дадени случаи. Да се запознаат со интернетот и клауд-компјутингот.

- **Вовед во информациски системи**
  Цели на предметот: - Да ги научат основните концепти и терминологијата на информациските системи: - Основни информациски системи и концепти: Хардвер, софтвер, мрежи; - E-World: е-бизнис и е-трговија; - Развојни процеси; - Да научат повеќе за информациски системи и технологии кои ги подобруваат бизнис вредностите и разните бизнис процеси во организациите; - Да ги применат е-концептите со различни управувачки дисциплини, при процес на анализа, интерпретација, процена и одлука; - Да го разберат процесот на редизајнирање на организации со користење на информациски системи; - Да ја опишат улогата на информациските системи во донесувањето одлуки; - Да ја испитаат безбедноста на информациите, како и етичките и социјалните прашања; - Да се запознаат со Интернетот, електронската трговија и е-бизнисот; - Да се оспособат студентите да работат на проекти, индивидуални или групни, кои по природа можат да бидат: студии на случај, научно – истражувачки проекти, развојни проекти или практична работа;

- **Професионална ИТ-етика**
  Во рамките на овој предмет се дава сеопфатен преглед на моменталните етички прашања при користењето информциони технологии (ИТ). Се оценуваат низа долгогодишни и нови прашања со кои се соочуваат корисниците на ИТ, почнувајќи од слободата на говорот, приватноста, интелектуалната сопственост, хакирањето и на дигиталната ера, на етиката во социјално вмрежување и онлајн-заедници. Преку предметот се разгледуват етички дилеми и етички одговорности на ИТ-професионалци и се промовира критичко размислување и одговорно користење на ИТ.

- **Албански јазик и култура на пишување**
  Предметот Албански јазик со култура на пишување е синтеза на правила и упатства кои се предвидени да ги подобрат вештините на писменото и усното изразување на албански јазик. Подобрувањето на овие вештини, пред сѐ е предвидено да се постигне преку запознавање со правописните правила, некои морфолошки норми и норми на синтаксата на албанскиот јазик, кои се потребни за да се постигне правилната употреба на јазикот. Потоа, посебен акцент се става врз мотивирањето на студентите за течен говор, подигање на свеста за

употреба на албанскиот чист стандарден јазик. Посебен простор опфаќа и поттикот на волјата за подобрување на процесот на пишување, освестувајќи ги студентите за разликите во видовите на напишаните текстови, но и за свеста за академски интегритет (плагијатура), не оставајќи го недопрено и опфќањето на специфичната терминологија на различни области кон кои се ориентирани студентите. Предвидено е овие теми да им се понудат на студентите како комбинирани наставни единици, односно како правила, упатства и вежби кои меѓусебно се надополнуваат.

- **Германски јазик 1-4**
  По завршување на предметот од студентите се очекува да достигнат соодветни знаења според Европската јазична рамка кои се посебно и конкретно одредени според нивото. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да преземат одговорност за своето учење. По завршувањето на предметите по германски јазик, студентите ќе бидат и во можност да размислуваат критички на различни теми и сами да донесуваат заклучоци врз основа на прочитаните текстови, како и писмено и усно да ги изразуваат своите мислења и ставови.

- **Мултикултурализмот во наставата по англиски**
  Цели на предметот: Комуникациски вештини : Студентите се очекува да ги преставаат своите ставови во врска со културата, глобализацијата и како сето тоа се одразува во процесот на едукација.Се очекува да се дискутираат теми во врска со толеранцијата и разбирањето на другиот или другата култура. Исто така и ќе се работи и на подготвување есеи во кои се третираат прашањата на културниот релативизам, стереотипте и предрасудите, како и развивањето на концпетите на интеркултрна соработка и мултикултурно образование. Примена на знаењето и разбирањето: Креирање на образовни модели за мултикултурна соработка и нивна апликација во процесот на предавање Англиски како странски јазик. Развивање на воспитна стратегија која би била ефикасна во ситуации кога недостигот на толеранција предизвикува тензија мегу студентите. Способност за проценка: Разработка на индивидуално портфолио основано на принципите на мултикултурно образование, и идентификација на случаи на нетолеранција со цел развивање интеркултурна соработка . Знаење и разбирање: Запознавање со основните принципи на кутлтурата, културниот релативизам, интеркултурно и мултикултурно образование и адресирање на овие прашања во контекстот на предавање англиски како странски јазик. Вештини за учење: Распознавање со ефикасни модели за промоција на мултикуклтурализмот во процесот на едукација, каде англискиот јазик би имал клучна улога, како предмет кој е неутрален за сите студентите без разлика на нивната етничка припадност.

- **Меѓукултурни студии**
  По завршувањето на овој предмет студентите ќе можат да ги идентификуваат: глобалните прашања и проблеми од перспектива на различни култури, комуникациската динамика во другите култури, сличностите и разликите меѓу своите вредности и оние на другите култури, како и сличностите и разликите меѓу нивните комуникациски практики и оние од другите култури. Освен тоа, од студентите се очекува да станат посвесни за стереотипите кои ги има во општеството за различните култури и ќе почнат подобро да го разбираат своето место во глобалната заедница. Студентите критички ќе се вклучат во размислувања за својата етничка припадност, полот и родовиот идентитет, класата, верата, националното потекло, возраста и за другите демографски карактеристики како и за нивното влијание врз комуникациските процеси. По завршувањето на предметот Меѓукултурни студии, студентите ќе стекнат и комуникациски вештини за работа во групи преку учество во истражувачки проекти и вештини за презентација на своите истражувачки проекти.

- **Критичко резонирање и размислување**
  По успешното завршување на предметот, студентите ќе имаат способност да го подобрат нивниот начин на размислување преку осознавање на внатрешните структури на процесот на мислење и преку нивно разгледување во рамките на сопствените индивидуални и академски стандарди. Тие ќе развијат стратегии за донесување одлуки, засновани на рефлектирање, причина и логика. Преку овој предмет, студентите ќе научат врз основа на кои тенденции, сличности и претпоставки се базираат нивните рефлексии, како и кои услови и последици произлегуваат од нивниот начин на размислување. Оваа рефлектирачка мисла претставува активно, внимателно и постојано преиспитување на сите индивидуални верувања во смисла на фундаментите кои ги поддржуваат истите, заедно со заклучоците кои произлегуваат од нив. Студентите се очекува да се здобијат со знаења и вештини за донесување на разумни одлуки потребни во секојдневното опкружување, а поврзани со нивните идни професии.

- **Односи со јавност и нови медиуми**
  Во фокусот на предметот е развојот на комуникациски вештини и техники кои се суштествени за ефикасно функционирање во ерата на глобализацијата. Студентите ќе го разработуваат процесот на глобализацијата, општествените, политичките, економските и културните аспекти на современиот феномен, последиците и

влијанијата во комуникациската сфера означена како ера на постмодернизмот, особено влијанијата врз новите социјални медиуми, нивната структура, повеќејазични функции на социјалните мрежи, ефектите и последиците во современата светска комуникациска реалност.

- **Медиуми и општество**
  Медиуми и општество претставува вовед на студентите во дисциплина која ги изучува комплексните односи меѓу медиумите и општеството, улогата на масовните медиуми како посредувачка технологија при масовното и глобалното комуницирање. Главна цел на предметот се политичките, економските, социјалните и културните импликации на медиумите врз општеството.

- **Вовед во економија и бизнис**
  Примарната цел на овој предмет е студентите да развијат основно разбирање на главните економски концепти и теории кои се користат во анализа на економските прашања. Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаење за основните принципи, концепти и техники во економијата како наука и во економските анализи. По завршување со предметот студентите треба да бидат во можност да „размислуваат како економисти“. Во рамките на овој предмет се истражуваат принципите на микро и макроекономијата, со фокус на примена на знаењето во донесување одлуки во глобална средина. По завршување на предметот, студентите треба за се оспособат: да го користат моделот на понудата и побарувачката и да го утврдат влијанието на промените во побарувачката или понудата врз цената и количината; да го дефинираат БДП и да ги калкулираат мерењето, употребата и ограничувањата на БДП како мерка на економска благосостојба; да ја дефинираат инфлацијата и калкулираат, да се запознаат со последиците и да ги опишат улогите и алатките на централната банка.

- **Принципи на менаџмент**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со основите на менаџментот, неговата генеза и дефинирање, како и со основните принципи врз кои треба да се базира работата на секој иден менаџер. Целта на овој предмет е и студентите да стекнат основни познавања од областа на основните функции на менаџментот како планирањето, организирањето, координирањето, мотивирањето и контролата. Совладувањето на предметот на студентите ќе им овозможи: Да ги научат основите на менаџментот и да се оспособат за нив да даваат конкретни примери. Да се оспособат да гледаат на совладувањето на овој предмет како на потреба и стекнувањето знаења да бидат во контекст на практичната примена на наученото. Да размислуваат на ефикасен начин кој ќе им помогне при соочувањето со деловните проблеми во понатамошниот нивен живот.

- **Менаџмент на проект**
  Целта на предметот е воведување на студентите во светот на современите проекти и нивно соочување со можностите и предизвиците на реалниот економски живот во креирање на соодветни потребни реални проекти. Специфични цели на предметот се: како да се утврди одреден проект (користејќи неколку фази) и да се истакне значајната улога на менаџерот на проектот (разбирање на потребата, областа на делувањето, активностите за реализација, комплексноста на модерниот проект и др.). Студентите треба да се обучат како да ги применуваат современите алатки и техники на современиот проектен менаџмент при трансформирање потреба или креативна идеја во соодветен реален и документиран проект кој ќе направи да бидат поинвентивни за себе и покомпетитивни на пазарот на трудот.

- **Бизнис-план**
  Целта на наставата по предметот е да им се помогне на студентите во разбирањето на однесувањето на претпријатието во современи услови на стопанисување.

- **Корпоративна општествена одговорност и етика**
  Целта на предметот е да се развие општо теоретското знаење за корпоративната општествена одговорност во современите економии и да се анализира одразот на корпоративната општествена одговорност врз целокупното работење на претпријатието.

- **Француски јазик 1-2-3**
  Целта на овој предмет е студентите да ги зајакнат јазичните основи на познавање на јазикот и да ги развијат четирите компетенции на комуницирање, особено во следните домени: да знаат да искажат мислење, да знаат да искажат чувства, да знаат да препознаат идеја, да знаат да даваат и презентираат јасни идеи, да знаат да аргументираат и да го бранат своето мислење, да се снаоѓаат во различни ситуации, да одржат прост и кохерентен говор, да раскажат еден настан, да раскажат сон или пак искуство, да претставатпричини за еден проект или идеја, да комуницираат спонтано.

- **Италијански јазик 1-2-3**
  Целта на наставата е студентите да се запознаат со италијанската култура, италијанската цивилизација и италијанскиот јазик. Идејата е студентите да спознаат една малку поинаква реалност, којашто можеби ќе им помогне во осознавање на самите себе, како и во креирањето на една подобра слика за себе и за иднината. Соодветно на нивото (од А1 до Б2), коешто студентите ќе го изберат, или нивоата што ќе ги проследат во семестрите кои ги имаат на располагање за слободен изборен предмет, материјата прогресивно се продлабочува. Во првиот степен се поаѓа од базични поставки, како: правопис, изговор, вокабулар за управување со едноставни, секојдневни јазични ситуации (лично претставување, претставување на други, ориентирање во просторот и во времето, комуникациски изрази во бар, во ресторан, во супермаркет, на пазар), а се стигнува до посложени изразни конструкции во продолжителните степени, кои се однесуваат на искажување став, желба, потреба, раскажување минати настани, зборување за идни дејства итн. Граматиката се воведува индуктивно (преку осознавање од ситуации (аудио снимки, видеа, филмови, тесктови) и донесување заклучоци), при што клучната улога ја имаат самите студенти, со нивното активно учество во предавањата.

- **Академско пишување на англиски јазик**
  Целта на овој предмет е студентите да ги развијат академските вештини за пишување на различни начини. На студентите ќе им се овозможи да ги изложуваат своите идеи на јасен, течен и на ефективен начин за да создадат еден напишан текст. Студентските академски вештини ќе се развијат постепено преку вежбите што помагаат во пишувањето, како: пишување различни видови параграфи и есеи. Исто така, студентите ќе се запознаат со правилата за цитирање и парафразирање и ќе разберат што значи плагијат. Повратната информација на едно напишано дело ќе содржи поправање на грешките од самите студенти, поправање на грешките меѓу самите студенти и поправање на грешките од предавачот во однос на содржината, организацијата и на јазичните грешки.

- **Дигитална и он-лајн писменост**
  Дигиталната и онлајн писменост е едно-семестрален предмет со 3 часа неделно, кој се нуди на додипломски студии. Предметот е направен според потребите на студентите и вклучува бројни вештини на 21. век кои се поврзани со соодветна и ефективна употреба на технологијата. Предметот ќе ги опфати трите категории на вештини на 21. век. По завршување на предметот студентите ќе можат успешно да бараат и пристапуваат до онлајн информации преку користење на различни дигитални алатки, критички да ја оценуваат веродостојноста на онлајн материјалите и да разликуваат помеѓу веродостојни и недоверливи извори, да покажат разбирање на етичките прашања во академски контекст, да разберат како соодветно се користат цитати и референци за да се избегнат плагијати, да научат како ефикасно се комуницира на професионален начин, да ги разберат основите на интернет безбедноста како и позитивните и негативните аспекти на создавањето онлајн идентитет, да го испитуваат сајбер-малтретирањето и да ги идентификуваат можните решенија за намалување на онлајн вознемирувањето.

- **Разговорен англиски јазик**
  Разговорен англиски јазик е семестрален предмет дизајниран за средно и повисоко ниво на англиски јазик, и ќе биде достапен за студентите во сите семестри. Англискиот е меѓународен јазик кој ја олеснува комуникацијата во различни контексти низ целиот свет, почнувајќи од деловни состаноци и трансакции до обични разговори меѓу пријателите и интеракции за време на патувањето. Разговорен англиски јазик ќе ги гради способностите за слушање и зборување на студентите, обезбедувајќи граматика, вокабулар, изговор и практика на течно зборување, потребни за заеднички видови на интеракции во разговорен англиски јазик. Преку овој предмет ќе се покријат теми поврзани со професионален разговор, секојдневен разговор и секојдневни интеракции, обезбедувајќи им на студентите разговорна доверба во различни контексти. Професионалниот разговор ќе вклучува формални и љубезни видови на говор кои се користат во контексти како што се работни средби или дискусии со колегите. Обичниот разговор ќе вклучува практика со јазик што се користи додека се дружи со пријателите или семејството и другите неформални ситуации и ќе вклучува жаргон и неформален говор. Секојдневните интеракции ќе вклучуваат разговори во продавниците, за време на патувањето, или барање и нудење помош. Методите на учење ќе се фокусираат на практиката и ќе вклучуваат активности за слушање, дијалози, играње улоги и симулации, дебати и дискусии.

- **Комуникациски вештини во професионален контекст на англиски**
  Целта на предметот е да се развијат комуникациските вештини кои се од суштинско значење за ефективно функционирање во професионалниот свет на англиски јазик. Целите на предметот се фокусираат на широк спектар на професионални поставки и прашања. Студентите ќе го проучат процесот за анализа на различни ситуации во комуникацијата и соодветно ќе ги разберат и ќе ги применат.

- **Белетристика и забава**
  Преку овој предмет студентите ќе истражуваат низа привлечни и популарни литературни текстови (романи, извадоци, читатели и раскази) за да ги разберат и да уживаат во карактеристиките на различни и популарни жанрови, вклучувајќи научна фантастика, литература за млади возрасни и фантазија. Меѓу целите на предметот, може да се вклучи следново: да се развие самодовербата, флуентноста и интересот на студентите за читање на англиски јазик, да се читаат различни видови романи, да се одговори смислено и критички, вербално и писмено, со извлекување врски помеѓу личното искуство, општо знаење и / или други извори (предавања, читања, филмови) и доделениот текст. Покрај тоа, целите се и: пренесување напредни вештини за читање во учењето на втор јазик и развивање на овие вештини, правејќи ги студентите подобри читатели на двата јазика. Вештините за читање вклучуваат и предвидување, погодување зборови од контекст и читање за детално разбирање.

- **Англиска литература и филм**
  Целите на предметот се: Да им помогне на студентите да ги развијат своите критички вештини преку анализа на филм. Да дискутираат, евалуаираат и пишуваат критика. Да дадат критичка анализа на литературни и информативни текстови Да дискутираат и анализираат пишани текстови, како и пиар-евалуација на работата на студентите во групата Да презентираат различни видувања, да ги поддржат своите тврдења, користат сетилен јазик.

- **Македонски јазик за правна и ЕУ-терминологија**
  Целта на предметот е да се оспособат студентите за јазична компетенција и јазична перформанса во професионалната област (односно во областа на правото и ЕУ). Станува збор за концепт насочен кон студентот (learner-centered approach) кој е фокусиран на развој на комуникациските способности во специфични области, односно на продлабочување и на зајакнување на вештините за напредно писмено и усно изразување на стандарден македонски јазик. Предвидениот материјал опфаќа содржини поврзани со професионалните дисциплини, како и автентични документи и материјали. Особено внимание се посветува на совладување на професионалната терминологија и нејзината примена во соодветен јазичен контекст и на развојот на дигиталните вештини. Од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да бидат во можност да размислуваат критички на различни теми, како и да стекнат способност за напредна комуникација и на македонски јазик во една мултијазична и мултикултурна средина.

- **Етика во јавни институции**
  Цели на предметната програма (компетенции) се студентите: Да стекнат знаења и да ги разберат семантиката и концептите на етиката, стандардите на однесување, моралното расудување и моралната филозофија. Да развијат став за позицијата на моралот во професионалниот живот. Да формираат јасни ставови за правата и одговорностите на вработените во јавната-државната администрација. Да имаат способност да се соочат со етички проблематичните ситуации. Да имаат чувство за карактерот кој се бара во професијата на администраторот. Да се запознаат со литературата за етиката во сферата на јавните институции. Да бидат подготвени да употребуваат комуникативни алатки и да ги почитуваат етичките стандарди во работата со државните институции и јавните актери.

- **Историја на архитектура и уметност**
  Целта на предметот е студентите да се запознаат со основните теориски поставки, како и со развојот на архитектурата, уметноста и дизајнот од нивните почетоци, па се до појавата на Ренесансата на културната и уметничката сцена во Европа. Во програмата се застапени сите позначајни историски и стилски периоди, уникатните стилови како продукти на степенот на развој на технологијата, науката и културата како особено значајни за развојот на севкупната архитектура и уметност.

- **Визуелно изразување**
  Целта на предметот е продлабочено и унапредено запознавање на студентите со методологиите и принципите на визуелното изразување во функција на потполна визуелна презентација на проектни задачи, идеи и концепти.

- **Дигитален маркетинг**
  Целта на предметот Дигитален маркетинг е студентите да стекнат знаења за деловните предности на дигиталниот маркетинг и нејзиното значење за успех во маркетингот на една организација. Дигиталниот маркетинг е местото каде што маркетингот се среќава со интернет и со други форми на нови медиуми. Тоа вклучува онлајн рекламирање и учество во социјални медиуми, различни дигитални медиуми и креирање маркетинг содржина; оптимизирање на веб-страница и SEO оптимизација; и стекнување со основни познавања на Google Analytics за мерење на ефектите од дигиталниот маркетинг. Стекнатите знаења,

вештини и компетенции ќе им помогнат на студентите да го дизајнираат и оценат планот на дигиталниот маркетинг со цел ефикасно управување со перформансата на дигиталниот маркетинг.

- **Графички дизајн**
  Цели на предметот: Запознавање на графичкиот дизајн и методи на примена во внатрешен дизајн и уредување, како за презентации така и за реални имплементации.

- **Материјали, методи и производи**
  Цели на предметот: Стекнување на основни знаења за градежните материјали и улогата што ја имаат во градбата, материјали користени за конструктивните елементи во еден објект, така и материјалите за заштита и изолација на различни елементи во една градба. Запознавање со основните својства на градежните материјали, нивна употреба во градежни конструкции и во различни архитектонски објекти. Примена на соодветни градежни материјали во процесот на проектирање, современ начин на нивно вградување при изведба на конструкциите, изолациите и фасадното обликување на објекти.

- **Лични финансии**
  Предметот нуди практичен вовед во личното финансиско управување. Преку структуриран, чекор-по-чекор пристап, студентите ќе научат како даштедат и вложуваат, да управуваат со студентските кредити, да ги пресметуваат даноците, да го намалат долгот со кредитни картички и да планираат за иднината. Сценаријата од реалниот живот, кои покриваат широк спектар на финансиски предизвици ќе им овозможат на студентите да ја ценат релевантноста на клучните концепти, како и корисните совети од експертите за лични финансии кои ќе им помогнат да ги применуваат тие концепти во својот живот. Разните математички примери јасно ќе ја илустрираат критичната важност за постигнување на долгорочни финансиски цели преку вложување. Преку предметот студентите ќе бидат ангажирани да го фокусираат своето внимание на критичните концепти што им се потребни за да успеат во совладување и мудро управување со своите финансиски средства за цел живот.

- **Деловно комуницирање**
  Целта на овој предмет претставува запознавање на студентите со концептот на деловното комуницирање. Содржина на предметната програма: Во последниве години сè повеќе компании ги применуваат техниките на деловно комуницирање и како главна алатка за одговор на сè позаостреноната конкуренција на глобалниот пазар. Овој предмет претставува обид за подобрување на комуникациските способности на студентите со теоретско, а пред сè, и со практично укажување на правилниот начин на комуницирање во организациска средина со вработените и со менаџерите како и при одржување состаноци, интервјуирање, преговарање како и при мотивирање на сите околу нив.